РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УП1 Бр. 08-178/17
24.11.2017 год.
СКОПЈЕ

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.08.2017 година, постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2018 – 2020 година, на ЈКП ВОДОВОД Битола бр.05-626/1 од 15.09.2017 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08-178/17 од 25.09.2017 година, на седницата одржана на ден 24.11.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулиран период 2018-2020 година

1. На ЈКП ВОДОВОД Битола се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2018 година во износ од 34,41 ден/m³;
   - за 2019 година во износ од 35,51 ден/m³;
   - за 2020 година во износ од 36,67 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2018 година изнесува 4,75%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 4,79%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2020 година, изнесува 4,80%.

3. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

4. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа важи за регулиран период 2018-2020 година.

5. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01.2018 година.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈКП ВОДОВОД Битола, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2018 – 2020 година, бр.05-626/1 од 15.09.2017 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08-178/17 од 25.09.2017 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон барањето, а во согласност со Методологијата ЈКП ВОДОВОД Битола ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение на Барањето;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели и листа на индикатори на успешност кои треба да ги исполни давателот на водната услуга;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП ВОДОВОД Битола во барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за трошоците во базната 2016 година:

| Опис | 2016 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 35.632.961 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основни средства | 6.902.796 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 6.035.463 |
| Бруто плати | 88.736.317 |
| Менаџерски плати и награди | 0 |
| Други услуги | 6.053.734 |
| Останати и вонредни трошоци | 13.801.342 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 653.224 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **157.815.836** |

- Податоци за регулираниот период :

| | Ед.мерка | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 168.132.902 | 173.253.225 | 178.313.024 |
| Амортизација | денари | 31.682.507 | 34.886.657 | 38.272.819 |
| Средства за ликвидност | денари | 1.099.987 | 1.146.135 | 1.192.277 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 48.689.639 | 49.408.210 | 50.701.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 20.182.039 | 21.087.045 | 21.869.629 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 1.160.620 | 1.160.620 | 1.160.620 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 219.936.816 | 229.212.442 | 238.487.129 |
| **Количина** | $m^3$ | 6.186.051 | 6.194.983 | 6.203.934 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 34,09 | 35,48 | 36,86 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 32,63 | 33,95 | 35,29 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 35,55 | 37,00 | 38,44 |

Регулаторната комисија за енергетика на 18.10.2017 година го објави барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Вечер“ и „Коха“.

По објавеното барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1887/1 од 13.11.2017 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на тарифа за регулираниот период 2018 – 2020 година.

На 16.11.2017 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЈКП ВОДОВОД Битола, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, Градоначалникот на општина Битола, ЈП Стрежево Битола, КЈП НИСКОГРАДБА Битола, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика, присуствуваа претставници на ЈКП ВОДОВОД Битола, ЈП Стрежево Битола, КЈП НИСКОГРАДБА Битола, Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ и Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2018-2020 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

| | Ед.мерка | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 170.037.970 | 173.387.737 | 177.061.104 |
| Амортизација | денари | 31.682.507 | 34.886.657 | 38.272.819 |
| Средства за ликвидност | денари | 1.109.513 | 1.146.807 | 1.186.018 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 48.689.639 | 49.408.210 | 50.701.000 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 20.182.039 | 21.087.045 | 21.869.629 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 223.012.029 | 230.508.246 | 238.389.569 |
| **Количина** | $m^3$ | 6.186.051 | 6.194.983 | 6.203.934 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 34,41 | 35,51 | 36,67 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 32,78 | 33,81 | 34,91 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 36,05 | 37,21 | 38,43 |

По извршената анализа на трошоците од базната 2016 година и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика за регулираниот период 2018 – 2020 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 43.809.680 денари за 2018 година, 44.588.804 денари за 2019 година и 45.532.520 денари за 2020 година. При пресметка се вкалкулирани трошоците за набавка на сурова вода од ЈП СТРЕЖЕВО Битола согласно количините кои ЈКП ВОДОВОД Битола планира да ги набави од ЈП СТРЕЖЕВО Битола и просечната тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението утврдена од страна на Регулаторната комисија за енергетика со Решението за утврдување на тарифа снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП СТРЕЖЕВО Битола за регулиран период 2018-2020 година, УП1 бр.08-129/17 од 21.11.2017 година.
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства изнесуваат 7.132.383 денари за 2018 година, 7.275.031 денари за 2019 година и 7.420.531 денари за 2020 година и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2016 година зголемени за предвидената стапка на инфлација од 1,3% во 2017 година и 2% за 2018, 2019 и 2020 година.;
3. Трошоците за осигурување на основни средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 6.225.553 денари за 2018 година, 6.357.112 денари за 2019 година и 6.516.642 денари за 2020 година;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 91.687.687 денари за 2018 година, 93.521.441 денари за 2019 година, 95.391.870 денари за 2020 година и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2016 година зголемени за предвидената стапка на инфлација од 1,3% во 2017 година и 2% за 2018, 2019 и 2020 година.
5. Другите услуги се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 6.250.466 денари за 2018 година, 6.385.760 денари за 2019 година и 6.548.356 денари за 2020 година;
6. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 14.258.404 денари за 2018 година, 14.571.553 денари за 2019 година и 14.945.883 денари за 2020 година;

7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 673.798 денари за 2018 година, 688.036 денари за 2019 година и 705.302 денари за 2020 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 30.521.887 денари за 2018 година, 33.726.037 денари за 2019 година и 37.112.199 денари за 2020 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 1.160.620 денари за 2018 година, 1.160.620 денари за 2019 година и 1.160.620 денари за 2020 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,5% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 1.109.513 денари за 2018 година, 1.146.807 денари за 2019 година и 1.186.018 денари за 2020 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година изнесува 20.182.039 денари, за 2019 година 21.087.045 денари и за 2020 година 21.869.629 денари. При пресметката на приносот земени се во предвид планираните инвестиции за 2018 година во износ од 48.689.639 денари, за 2019 во износ од 49.408.210 денари, за 2020 година во износ од 50.701.000 денари.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 34,41 ден/m$^3$ за 2018 година, 35,51 ден/m$^3$ за 2019 година и 36,67 ден/m$^3$ за 2020 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП ВОДОВОД Битола ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 4,75% за 2018 година, 4,79% за 2019 година и 4,80% за 2020 година.

ЈКП ВОДОВОД Битола при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и цената на долгорочните долгови на давателот на водната услуга, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика го задолжува ЈКП ВОДОВОД Битола да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија енергетика е конечно во управна постапка

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ" бр.7/16).

**УП1 бр. 08-178/17**
**24.11.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**